(https://racin.mk)

Вести (https://racin.mk/category/vesti/), Македонија (https://racin.mk/category/makedonija/)

# ЗНМ изразува загриженост и предупредува на говорот на омраза и заканите кон новинарките

06/06/2024 11:02

говор на омраза (https://racin.mk/tag/govor-na-omraza/), закани (https://racin.mk/tag/%d0%b7%d0%b0%d0%ba%d0%b0%d0%bd%d0%b8-2/), ЗНМ (https://racin.mk/tag/znm/), новинарство под закани (https://racin.mk/tag/novinarstvo-pod-zakani/)



Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) и Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ) изразуваат загриженост за говорот на омраза кон новинарите, особено новинарките, на социјалните мрежи во земјава. Овој вознемирувачки тренд претставува сериозна закана за слободата на медиумите и ги поткопува демократските вредности и принципи што ги поддржуваат Македонија и нејзините меѓународни партнери. Дополнително ваквите притисоци создаваат чувство на несигурност и предизвикуваат самоцензура во медиумскиот простор.

ЗНМ и ССНМ денеска упатија заедничко писмо до странските амбасади и организации во земјава со особена загриженост во контекст на интернет заканите и нападите врз новинарките.

Последен сериозен случај на закани и поттикнување на говор на омраза на социјалните мрежи беше со колешката Лепа Џундева од ТВ 24, а поврзано со нејзиното интервју со грчкиот пратеник Сиригос. Дел од ова интервју, извадено од контекст, на својот Фејсбук профил објави Богдан Илиевски, ТВ водител на вечерна емисија, со што поттикна говор на омраза и закани кои можат да доведат до насилство. Некои онлајн медиуми како Off.net.mk ја продолжија кампањата за оцрнување кон Џундева, користејќи ја нејзината слика на социјални мрежи со што дополнително се испровоцираа лични навреди, повици за омаловажување како и експлицитни закани по животот на новинарката од страна на трети лица кои коментираат на овие објави.

За овој случај ЗНМ вчера поднесе официјално барање за кривично постапување до Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика при МВР преку правен застапник во име на колешката Џундева. Оттука, го повикуваме Министерството за внатрешни работи итно да ги преземе сите мерки за расчистување на овој случај, а од ОЈО очекуваме брзо процесуирање и ригорозни казни за оние кои објавуваат закани по животот на медиумските работници.

ЗНМ и ССНМ потсетуваат дека онлајн заканите и говорот на омраза на социјалните мрежи може да претставуваат сериозна загрозување на безбедноста. Апелираме до граѓаните да се воздржат од закани кон новинарите и медиумските работници, бидејќи таквите постапки претставуваат кривични дела за кои можат да следат и затворски казни.

говор на омраза (https://racin.mk/tag/govor-na-omraza/), закани (https://racin.mk/tag/%d0%b7%d0%b0%d0%ba%d0%b0%d0%bd%d0%b8-2/), ЗНМ (https://racin.mk/tag/znm/), новинарство под закани (https://racin.mk/tag/novinarstvo-pod-zakani/)

## Треба да знаете

**ГРЕКО: 25 години поддршка на државите во борбата против корупцијата (https://racin.mk/vesti/greko-25-godini-poddrshka-na-drzhavite-vo-borbata-protiv-korupczijata/)**

**Програмата на Владата на Мицкоски прифаќа дека преговорите со ЕУ се започнати и дека е прифатен македонскиот јазик (https://racin.mk/vesti/programata-na-vladata-na-miczkoski-prifaka-deka-pregovorite-so-eu-se-zapochnati-i-deka-e-prifaten-makedonskiot-jazik/)**

**Мицкоски ја научи првата лекција на реалната политика или мандатот е посладок од „Северна“ (https://racin.mk/vesti/miczkoski-ja-nauchi-prvata-lekczija-na-realnata-politika-ili-mandatot-e-posladok-od-severna/)**

**Избрана новата Влада чиј претседател е Христијан Мицкоски (https://racin.mk/vesti/izbrana-novata-vlada-chij-pretsedatel-e-hristijan-miczkoski/)**

**Истражување: Девојките не одат десно и не ги интересираат екстремните групи, момчињата сакаат наци-фашизам (https://racin.mk/analizi/istrazhuvane-devojkite-ne-odat-desno-i-ne-gi-interesiraat-ekstremnite-grupi-momchinata-sakaat-naczi-fashizam/)**

**Сексуалното вознемирување „јавна тајна“ на универзитетите на албански јазик, студентите се плашат да пријават (https://racin.mk/vesti/seksualnoto-voznemiruvane-javna-tajna-na-univerzitetite-na-albanski-jazik-studentite-se-plashat-da-prijavat/)**

**Изборните ветувања ги нема во програмата, најдоцна до полноќ треба да биде избрана новата Влада (https://racin.mk/vesti/izbornite-vetuvana-gi-nema-vo-programata-najdoczna-do-polnok-treba-da-bide-izbrana-novata-vlada/)**

**Парада на гордоста во Скопје, повторени барањата за еднакви можности, недискриминација и социјално вклучување (https://racin.mk/vesti/parada-na-gordosta-vo-skopje-povtoreni-baranata-za-ednakvi-mozhnosti-nediskriminaczija-i-soczijalno-vkluchuvane/)**

**За опозицијата во експозето на мандатарот нема реален четиригодишен план за иднината на нашата земја (https://racin.mk/vesti/za-opoziczijata-vo-ekspozeto-na-mandatarot-nema-realen-chetirigodishen-plan-za-idninata-na-nashata-zemja/)**

**Штајнмаер: Никогаш немало потешко и поважно време за борба за Европа (https://racin.mk/vesti/shtajnmaer-nikogash-nemalo-poteshko-i-povazhno-vreme-za-borba-za-evropa/)**

## Може да ве интересира

**Вести, Свет**

### 18 јуни- Меѓународен ден за борба против говорот на омраза (https://racin.mk/vesti/18-juni-megunaroden-den-za-borba-protiv-govorot-na-omraza/)

(https://racin.mk/vesti/18-juni-megunaroden-den-za-borba-protiv-govorot-na-omraza/)

---

**Вести, Свет**

### Женева гласаше за забрана на симболи на омраза на јавни места (https://racin.mk/vesti/zheneva-glasashe-za-zabrana-na-simboli-na-omraza-na-javni-mesta/)

(https://racin.mk/vesti/zheneva-glasashe-za-zabrana-na-simboli-na-omraza-na-javni-mesta/)

---

**Вести, Македонија**

**Емилија Мизо Димков е номинирана обвинителка за кривични дела од омраза и дискриминација (https://racin.mk/vesti/emilija-mizo-dimkov-e-nominirana-obvinitelka-za-krivichni-dela-od-omraza-i-diskriminaczija/)**

(https://racin.mk/vesti/emilija-mizo-dimkov-e-nominirana-obvinitelka-za-krivichni-dela-od-omraza-i-diskriminaczija/)

---

Вести, Свет

**Москва се заканиува со „последици" за оштетување на системот за рано предупредување (https://racin.mk/vesti/moskva-se-zakanuva-so-poslediczi-za-oshtetuvane-na-sistemot-za-rano-predupreduvane/)**

(https://racin.mk/vesti/moskva-se-zakanuva-so-poslediczi-za-oshtetuvane-na-sistemot-za-rano-predupreduvane/)

---

Вести, Македонија

**ЗНМ бара повлекување на наредбата од организациската директорка на Токсикологија (https://racin.mk/vesti/znm-bara-povlekuvane-na-naredbata-od-organizacziskata-direktorka-na-toksikologija/)**

(https://racin.mk/vesti/znm-bara-povlekuvane-na-naredbata-od-organizacziskata-direktorka-na-toksikologija/)

---

Анализи, Македонија, Свет

**Говорот на омраза му пресуди на Фицо, каде води говорот на омраза во Македонија? (https://racin.mk/analizi/govorot-na-omraza-mu-presudi-na-ficzo-kade-vodi-govorot-na-omraza-vo-makedonija/)**

(https://racin.mk/analizi/govorot-na-omraza-mu-presudi-na-ficzo-kade-vodi-govorot-na-omraza-vo-makedonija/)

---

(https://racin.mk)

(http://www.

(http://www

(https://www.

Македонија Свет Регион Кластер ЕУ Колумни Анализи Култура Интервју Наши прикази Преземено

(...facebook.com/Racin.mk) (...w.instagram.com/Racin.mk) (...youtube.com/@Racin_mk)

За Рацин.мк Импресум Контакт Политика на приватност

© 2024 – Рацин.мк | Сите права се задржани.